## Позначајни економски настани и промени во законодавната регулатива во ноември 2003 година

- *На 07 ноември Советот на НБРМ донесе Одлука за намалување на каматните стапки (Службен весник на РМ бр. 72/2003): каматната стапка на ломбардните кредити е намалена од 16% на 14% (со примена од 10.11.2003 година), а каматната стапка на задолжителната резерва на банките и штедилниците од 5% на 4% (со примена од 11.11.2003 година).*

- *Од 11 ноември малопродажните цени на нафтените деривати се намалени во просек за 2,61%, односно за еден денар по литар.*

- *Во ноември Светската банка ја презентираше тригодишната Стратегијата за помош на земјава (која ќе чини 165 милиони САД долари), чија главна цел е создавање на поволна бизнис клима преку зајакнување на државните институции (особено судовите).*

- *Од 12 ноември се распишани тендери за продажба на имотите на неколку претпријатија-загубари, чиј статус треба да биде решен до крајот на годинава: "Саса"(Македонска Каменица), "Тораница" (Крива Паланка), "Злетово"(Пробиштип) и брендовите (трговските марки за изданијата) на НИП "Нова Македонија".*

- *На 14 ноември рафинеријата ОКТА официјално ја пушти во употреба новата постројка за десулфуризација на дизел горивата, во вредност од 22,5 милиони САД долари. Со тоа, вкупниот износ на инвестиции од страна на новите сопственици на рафинеријата достигна 37 милиони САД долари.*

- *Од 14 ноември Пензискиот фонд (ПИОМ) стартуваше со продажба на акциите и уделите од своето портфолио на Македонската берза.*

- *На 18 ноември завршија преговорите со мисијата на ММФ, на кои беше заокружена макроекономската рамка и проекциите за основните макроекономски индикатори за 2004 година.*

- *На 19 ноември американскиот долар забележа најниска вредност во однос на еврото, од неговото појавување како единствена европска валута (1 евро = 1,1977 САД долари), како и најниска вредност спрема јенот, регистрирана во последните три години (1 САД долар = 107,6 јени). Како главна причина за ваквите движења на светските валутни берзи се сметаат стравувањата на пазарните учесници од воведување на протекционистички мерки од страна на САД за заштита на домашната индустрија како кампања за новите претседателски избори во 2004 година.*